Бр. _____________

________ 2017

Скопје

Врз основа на член 26 став 1 и 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии- докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и нивна распределба (Универзитетски гласник бр. 245/2013) и одредбите од Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј,“ во академската 2017/2018 година, договорните страни:

1.Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет во Скопје, во натамошниот текст: организатори на студиската програма), застапувани од Деканот проф. д-р Дарко Данев и раководителот на студиската програма проф. д-р___________________________ и

2. _________________________________ од______________, ул.__________________ бр.____________ со л.к. бр. _______________ (во натамошниот текст Студент), на ______________ година го склучија следниов

**Д О Г О В О Р**

**за студирање на трет циклус – докторски студии**

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со запишувањето и студирањето на Студентот на трет циклус – докторски студии на студиската програма __________________________________________ (во натамошниот текст: студиска програма).

**Обврски на организаторот**

**Член 2**

Организаторот се обврзува:

- да ја реализира студиската програма која се состои од обука за истражување, едукација, пријава, оцена и одбрана на докторска дисертација;
- на студентот да му овозможи полагање на испитите;
- да му обезбеди контакти на студентот со менторот и учесниците во реализацијата на студиската програма;
- да обезбеди достапност до стручна литература од библиотечниот фонд на организаторот;
- да го информира Студентот за сите прашања кои се во врска со реализацијата на студиската програма;

**Права и обврски на студентот**

*Стекнување статус на студент*

**Член 3**

Со запишувањето на трет циклус – докторски студии (во натамошниот текст: докторски студии), Студентот стекнува права и обврски утврдени со закон, со актите на Универзитетот, актите на организаторите на студиската програма и со овој Договор.

*Надомест за студирање*

**Член 4**

Трошоците за студирање ги сноси Студентот.
Трошоците се утврдени во износ од 3410 евра
Согласно член 14 став 1 алинеја 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013, и член 5 од Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии- докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и нивна распределба((Универзитетски гласник бр. 245/2013), на студентот му се признаваат 60 кредити и му се намалува школарината за износ од 1140 евра.
Износот на трошоците се искажува во евра, а се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на плаќање.
Износот од став 2 на овој член се плаќа во роковите утврдени од организаторот на студиската програма, на 6 рати на почетокот на секој семестар, на следниов начин:
I рата: (при упис на првиот (зимски) семестрар во академската 2017-2018 година)
- 250 евра се уплаќаат на сметка на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на следнава сметка: 160 010 3689 788 18; приходна шифра и програма: 723012 41; банка на примач: Народна банка на Република Македонија;
- 550 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје, на следнава сметка: 160 010 4278 788 11; приходна шифра и програма: 72311941; банка на примач: Народна банка на Република Македонија;
II рата: (при упис на вториот (летен) семестар)
- 522 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје
III рата: (при упис на третиот (зимски втор пат) семестар)
- 522 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје
IV рата: (при упис на четвртиот (летен втор пат) семестар)
- 522 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје
V рата: (при упис на петиот (зимски трет пат) семестар)
- 522 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје
VI рата: (при упис на шестиот (летен трет пат) семестар)
- 522 евра се уплаќаат на сметка на Машински факултет Скопје
Износот од став 2 на овој член е утврден за редовно исполнување на обврските на студентот согласно со структурата на студиската програма, односно распределбата на кредити и обврски по семестри.

Студентот ги сноси трошоците за презапишување на неисполнетиот дел на обврските во висина на цената на ЕКТС-кредитот, а износот се добива така што цената на кредитот се множи со бројот на ЕКТС-кредитите што се презапишуваат.

**Член 5**

Студентот нема право на ослободување, враќање или намалување на износите утврдени со член 4 од овој Договор.

Доколку студентот навремено не ги плаќа износите од член 4 на овој Договор, не може да ги остварува правата и другите обврски утврдени со овој Договор, со Законот за високото образование и со актите на Универзитетот и на организаторот на студиската програма.

**Член 6**

Трошоците за истражувањето ги сноси Студентот.

*Рокови и услови за студирање*

**Член 7**

Студентот е должен да ги положи сите испити и другите обврски утврдени со студиската програма, како и да ја пријави и да ја одбрани докторската дисертација во рок од 6 години, сметано од денот на почетокот на семестарот во кој студентот се запишал на докторски студии.

Во случај на пречекорување на рокот од претходниот став од овој член, студентот го губи статусот на студент на докторски студии.

Студентот може повторно да конкурира за запишување на докторски студии.

Доколку на студентот му е одобрено повторно запишување, може да му се признаат претходно положените испити на докторски студии за што одлука донесува соодветниот советот на студиската програма.

При повторно запишување, студентот плаќа полн износ на школарина, намален во износ кој одговара на бројот на претходно признаените кредити.

**Член 8**

Студентот во еден семестар може да запише максимум 30 кредити.

Судентот ги полага предметите во рамките на есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок.

**Член 9**

За неисполнетите обврски Студентот ги презапишува кредитите во соодветниот семестар кога се организираат активностите по тие кредити согласно со Структурата на студиската програма за докторски студии која е составен дел на овој Договор.

*Пријава, оцена и одбрана на докторска дисертација*

**Член 10**

Студентот се стекнува со право да поднесе пријава за изработка на докторска дисертација по остварени 42 ЕКТС-кредити од избраните предмети и најмалку 4 ЕКТС-кредити од докторски семинари и годишна конференција.

**Други одредби**

**Член 11**

За прашањата што не се регулирани со овој Договор ќе се применуваат одредбите од закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопј, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и нивна распределба и другите акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 12**

Овој Договор се смета за склучен на денот на потпишувањето од договорните страни.

**Член 13**

Во случај на спор, страните ќе настојуваат да се усогласат на мирен начин со взаемна доверба и почитување.

Доколку во тоа не успеат, надлежен е Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 14**

Договорот е составен во четири еднакви примероци, еден за студентот, а другите за организаторот на студиската програма.

**Договорни страни:**

| **Декан** | **Раководител на студиска програма** | **Студент** |
| --- | --- | --- |
| Проф. д-р Дарко Данев | | |
| _______________ | _______________________________ | ______________ |